# THE PASSION OF THE CHRIST

Јанко Илковски

Седам повеќе од еден час пред мониторот тркалајќи ја низ прсти броjаницата, убедувајќи се дека „вртам“ молитва, а само празнина во главата, ветар и магла...само понекогаш слушам понекој звук, онака, оддалеку, некаде од соседството (или така ми се чини), нешто како... како кога воздухот се „сече“ со некој силно замавнат предмет. Цигарите одамна ги оставив, инаку добро ќе дојдеше малку да се надишам од ѓаволовиот темјан, едно 2-3 пакла, ако и тие беа доволни. Еден пријател ми подари пура, од Куба, права хаванска, ја запалив и ја оставив да чади околу мене, мислев дека ќе ми годи миризбата и аромата на „жолтото злато“. Требам по буквите на тастатурата обидувајќи се барем малку да влезам во емоционален патос, па така натокмен да напишам нешто за она што ми се случи вечерва, а јас само го одложувам тоа, одложувам да се соочам со звукот на камшикот кој сè уште ми одекнува во главата. И не знам колку драгоцен простор ќе одземам некому, некој кој сигурно повеќе и далеку попродуховено ќе си поигра вешто со зборовите, онака инспириран душата да ти заигра од радосна тага, некој кој повеќе ќе ја залужи наградата да се најде на овие страници и да им се обрати на оние кои со внимание знаат да следат, онака како кога свештеникот ќе излезе и ќе рече:

„СО СТРАВ БОЖЈИ,
ВЕРА И ЉУБОВ
ПРИСТАПЕТЕ! “

И сите ќе наведнат глави, но и ќе истапат еден получекор напред, како едно, како од невидлива рака понесени, како кога таткото своето мало дете, придржувајќи го одзади, го врти во вистинска насока. Драги мои, нема да ви побарам прошка за мојов бесцелен патос, бидејќи и не ја заслужувам, не заслужувам ни за овој непрофесионален однос кон она што ми беше доверено како задача, или уште полошо, со трпение се чекаше на мене последен да го пратам овој текст, кој од областа која ја покривам треба дабиде најактуелното нешто кај нас, а јас веќе 25 реда упорно ви ги замачкувам очите одбегнувајќи повторно и повторно да се соочам и да го пренесам она што вечерва го доживеав. Можеби ми се случи нешто многу повеќе оваа вечер, па затоа сакам да ги доловам сите аспекти на вечерта - кој беше кај мене моите блиски и драги, ситниот дожд кој надвор паѓаше, мрзливиот мачор кој се протна под масата и се распосла уживајќи во благопријатноста на подното греење...





Изгледа дека полноќ е време кога сетилата најмногу се отвораат, крајот на денот не го затапува духот, туку со доближувањето на полноќта како неспокојот да му се преобраќа, и наместо да скока однатре, почнува да се лепи по стаклата, се губи во сенките, игра миженка, баш онака како деца кога ќе заглавевме до доцна во летна ноќ скриени во грмушка...

Го прочитав текстот што го напишав досега... О Боже, прости, дали да се жалам себе си во сопствената немоќ или оној кој ќе го чита ова...?

Сè почна со веста дека еден од моите холивудски јунаци се нафатил на онаа задача наречена Режија, јас пак ќе ја наречам, креација! Веста гласеше дека, Друмскиот воин, јунакот на постапокалиптичниот свет, храбриот полицаец, борецот за добро, а против злото, јунакот, воинот, австралиската ѕвезда, холивудскиот мегастар, ултра богатиот Мел Гибсон, повторно застанал зад камерите да режира филм. Првпат тој тоа го направи, а и глумеше во него, во епот за борбата на Шкотите за слобода, нивниот национален јунак и најнационалистички филм од кој сите се одушевивме, **Храбро срце**! Кој вели дека национализмот е лош? Напротив, Мел во **Храбро срце** уште похрабро заигра на најсуштествените аспекти на еден народ, а целиот свет со одушевување го прифати и поздрави. Интернетот ми овозможи веднаш и од прва 20 извори поврзани со новиот проект на Мел Гибсон. Се говореше дека започнал да снима филм за Спасителот, нашиот Господ Исус Христос.

Уште не разбрав за сценариото и темата, но претпоставував дека можеби Холивуд сака да се освежи со нешто што ќе доснесе приход од верниците кои збоктисаа од репризите на очајните верзии и лоши филмови со библиски теми, а најмногу теми поврзани за Исус Христос. Знаев дека ќе има реакции, бидејќи веднаш штом некој се појави и гласно проговори за Господ Бог, атеистите врескаат до небо, повикувајќи се на здрав разум, модерност, антидогматизам, антисемитизам, антиревматизам и уште какви не -изми... идиотизми... Што да ви кажам. Ха, знам како им е, па јас во мојава земја имам невладини организации со лопата да ги ринеш, кои ни продаваат м..... за бубрези. Но ако, како инаку ќе знаевме што чини а што не, туку, да се вратам на реакциите во светот. И додека траеја жестоките преписки по медиуми за потребата дали да се снима ваков филм, неколку земји, онака на невидено, веќе го резервираа филмот и термините ги подготвија за да го прикажат во своите кино сали додека трајат Големите Пости. Сè повеќе се ставаше на тапет името на Гибсон, кој пак рака на срце и

за волја на вистината за 20 години кариера, колку што јас му ја паметам, немам прочитано ни за еден негов екцес, развод, тепачка, пијанка, нервен слом, лечење на клиника за одвикнување од: дрога, секс, клептоманија, комар, кратко кажано, сè она што ги краси повеќето ѕвезди на филмот. Токму спротивно на архетипот на Холивуд, тој остана да си живее со една жена, и убави деца со неа, 5 - 6 не знам точно, а дознав и дека е голем верник, впрочем, татко му бил католички свештеник и Мел растел во патријархално семејство и уште од мал ја прима верата Христова. Е да, тешко да се поверува дека еден патријархално воспитан христијанин може да стане толкава мега ѕвезда, а да остане, барем навидум доблестен, брем кога се во прашање основните христијански принципи. До ден денес сè уште немам прочитано дури ни лага во врска со него, барем да се опиел, па рашамарал тројца во локалниот паб оти ја закачале жена му, јок, ни тоа, ништо. Но затоа најдоа дамка кај татко му и лавината во светот тргна. Имено, татко му своевремено изјавил дека холокаустот бил „надувана“ работа и дека не било баш така како што кажуваат Евреите. Е да, делата на нашите татковци ќе си ги носиме како награда и како товар. Се разгоре една демагошка дискусија дека реалноста на насилството врз Исус Христос во Филмот на Гибсон ќе ги подгрее антисемитските чувства кај гледачите. За мене таквата теза е ноторна глупост, но не би се осмелил да дискутирам со некого кој е сведок на најголемиот масакр на еден народ во современата историја. Веќе готовиот филм кој ги прикажува последните 12 часа од животот на Исус Христос, поточно, страданијата Негови, беше дочекан на нож, а мршојадците, наречени дежурни моралисти, а и новинари, ја ископаа изјавата на татко му на Мел од пред 50 години за да го нападнат филмот. Секако, џабе им беше. Да се направи филм за последните денови на Господ, Неговите страданија, значи да се нема предрасуди во ништо, но и да се има голема инспирација, сила и актерска маестралност за да се долови автентичноста на маченииштвото. Кога ќе се сетам за годините наназад, секогаш кога доаѓаше Велигден, Страсната седмица повеќе беше концетрирана во подогтовките за празникот, а Влики Петок минуваше само како уште еден ден строг пост во кој дослушувавме по нешто од Евангелието за страданијата Господови. За жал, никако не доаѓав до вистинска слика на оној миг на вистинското страдание Господово, Неговата конечна жртва за спасение на светот, сè до денес. Имено, филмот со неверојатна суровост и реалност ги опишува страдањата на Исус, два и пол часа, во кои од почеток до крај се слуша звукот на камшикот



како се зарива во месо, офкање, мачењто, тепањето, во преку два и лелек, удари, крв и месо кои се кинат, измачено тело. Реализмот е толкав што во еден миг Го гледаме Исус во едни такви маки, каде ниеден сантиметар од кожата не е оставена без удар, и рана, и повторно удари 20, 30, 40 удари со камшик, а ударите не престануваат. Камерата во одреден миг влегува во субјективен кадар, гледајќи го светот низ очите на Мачeникот кој додека му кинат месо од коските извикува: ПРОСТИ ИМ ОЧЕ, НЕ ЗНААТ ШТО ПРАВАТ! ! Изговорено на арамејски. Да, говорот во филмот е автентичен и ликовите говорат на јазикот на којшто се говорело во тоа време, во тоа поднебје, додека Римјаните говорат латински. Целиот филм е титлуван на англиски, но тоа воопшто не ја намалува извионредноста на идејата и реализацијата да се говори на изворен армејски јазик. Со тоа филмот добива и една патина, но не можам да кажам убава, заради силината и реализмот на Христовите сраданија коишто за првпат се прикажани во сета нивна суровост доведена до крајност, до толкава крајност што нема човек, верник или не, што ќе го остави рамнодушен. Прекрасно е режисерското решение на Гибсон да дава делови од деновите што му претходеа на крајот, последната заповед, Тајната вечера, влегувањето во Ерусалим итн., компарирани со сегашниот миг на



страданието, што Тој правел за нив, а како тие Му враќаа.
Се најдов себеси потполно концентриран во она што го гледав, додека душата ми се парчосуваше. Таа како инстиктивно го препозна страдањето и гревот на светов, а јас сакав, се обидував, интелектуално да останам студен за да можам што можно помалку острастен да го изгледам ова ...ремек дело!
Како само комотно си ги прерипував годиниве кога доаѓаше Велики Петок, како само се залажував со едноставноста на страданието на мојот Господ. После овој филм, ниеден Велигден нема да биде ист. Ова беше отворање на очите и на душата...

# THE PASSION OF THE CHRIST

THE PASSION OF THE CHRIST

Потребна е голема духовна зрелост и свест, емоционално да се прими Евангелието, но не секој ја има таа среќа и сила духовно да созрее до тој степен, а јас како еден од духовните инвалиди - дефинитивно ми беше потребна една ваква верзија, видување на страданијата на Господ Исус Христос. За првпат еден филм не само што евангелски ја кажува приказната, но успева и емотивно да го внесе гледачот и да сочувствува со страдањата на Исус. 12 часа на маки какви досега не се видени на филмското платно, мачење на жива душа какво што досега не е опишано во ниеден друг филм, страдање, болка, удари, крв, писок какви што не сме доживеале ни во најреалистичните филмови од која било област. Останав згрчен, обидувајќи се да го смирам желудникот кој наликуваше на боксерска вреќа удирана однатре, а солзите си течеа во потоци, но не го свртев погледот ни за миг, а откако заврши филмот уште неколку минути блеев во екранот не можејќи да врзам ниту една рационална мисла.



THE PASSION OF THE CHRIST

Не бев сам, па тоа можеби ме спречи да се исплачам како река, нејсе, што ќе кажат другите, еве го плачкото лигуш, а како само ми се плачеше. И не бев сам: со сите контроверзи, лоши и добри критики, луѓето појдоа да го погледнат овој филм и се изнаплакаа. Не само што доживува огромен успех ширум светот туку и ги руши сите досега поставени рекорди, но мислам дека не би било во ред да ве трујам и со тој аспект на филмот. Филмски и стручно кажано филмот Passion of the Christ, чиј наслов е малку неблагодарно да се преведе бидејќи не сум сигурен дали ја погодува суштината на значењето во наш превод, па затоа ќе ви ја оставам во оригинал, а некој поначитан и поумен ќе даде точен превод на истиот, е совршен мајсторски и занаетски направен филм, со издржана динамика која не паѓа во ниеден миг, актерство кое ги заслужува сите награди и признанија, ќе кажам дрско - не само на овој свет. Режијата и фотографија се во беспрекорен склад и со музиката го прават ова ремек дело да остави длабока трага кај секој којшто ќе го гледа. Како обичен човек би го повикал ама секој да го погледне овој филм, а искрено се надевам дека овој филм и јавно ќе го поддржи нашата Црква и ќе ги повика верниците да го гледаат. Секако, потребно е и да се направи позитивен притисок во јавноста овој филм да се најде на репертоарот на кино салите кај нас што е можно побргу, но секако тоа да биде пред Велигден, бидејќи е како создаден да се гледа токму во периодот на Големите Пости, ...и кога е актуелно неговото прикажување низ целиот свет.

**P. S.**

До пред една година овој филм не можеше да најде дистрибутер, со реална опасност никој да не може да го види. Направен е за само 30 милиони долари, а досега заработил повеќе од 250 милиони долари само во САД за помалку од три недели и е на добар пат да стане еден од најгледаните на сите времиња, а допрва треба да се прикажува во другите делови на светот.

**P.P.S.**

За жал не можев овој филм да го опишам, онака, со ладна глава, како што обично се прават рецензиите, па оттаму можеби и конфузност во некои делови од текстот, но го оставам автентичен така, заради силината со која ме допре овој филм и ме остави зашеметен

**Корисни линкови:**

http://www.rottentomatoes.com/m/ThePassionoftheChrist-1129941/
http://www.thepassionofthechrist.com/splash.htm
http://www.mylifeafter.com/